Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 09.08.2019 година, на ден 05.09.2019 година се склучува

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-2852/3
05-09-2019 год. viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-1398
11.09.2019 год.
Пласница

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Пласница,** со седиште на ул.Населено место без уличен систем бр.1, 6539 Пласница, застапувано од Управителот Божанка Грозданова (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на стоки - Моторни бензини и дизелско гориво за службени возила во сопственост на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за:

- ДЕЛ 12 од предметот на постапката за јавна набавка: Центар за вработување Кичево
- ДЕЛ 18 од предметот на постапката за јавна набавка: Центар за вработување Македонски Брод
- ДЕЛ 21 од предметот на постапката за јавна набавка: Центар за вработување Прилеп
- ДЕЛ 30 од предметот на постапката за јавна набавка: Центар за вработување Скопје и Централна служба - Скопје

од тендерска документација за поедноставена отворена постапка по Оглас бр.03038/2019.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Маржата/провизијата за 1 (еден) литар моторни бензини и дизелско гориво за секој од деловите на набавка од член 1 на овој Договор е наведена во Понудата на Носителот на набавката од 29.08.2019 година, која е составен дел на Договорот (Прилог 1):

ДЕЛ 12

| Центар за вработување Кичево | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Артикал | Единица мерка | Маржа/провизија за 1 (еден) литар гориво изразена во денари без ДДВ | ДДВ |
| ЕУРОСУПЕР БС-95 | литар | 3,20 | 0,57 |
| ЕУРОСУПЕР БС-98 | | | |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | | | |
| | | | |

ДЕЛ 18

| Центар за вработување Македонски Брод | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Артикал | Единица мерка | Маржа/провизија за 1 (еден) литар гориво изразена во денари без ДДВ | ДДВ |
| ЕУРОСУПЕР БС-95 | литар | 3,20 | 0,57 |
| ЕУРОСУПЕР БС-98 | | | |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | | | |
| | | | |

ДЕЛ 21

| Центар за вработување Прилеп | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Артикал | Единица мерка | Маржа/провизија за 1 (еден) литар гориво изразена во денари без ДДВ | ДДВ |
| ЕУРОСУПЕР БС-95 | литар | 3,20 | 0,57 |
| ЕУРОСУПЕР БС-98 | | | |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | | | |
| | | | |

ДЕЛ 30

| Центар за вработување Скопје и Централна служба - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Артикал | Единица мерка | Маржа/провизија за 1 (еден) литар гориво изразена во денари без ДДВ | ДДВ |
| ЕУРОСУПЕР БС-95 | литар | 1,16 | 0,20 |
| ЕУРОСУПЕР БС-98 | | | |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | | | |
| | | | |

Маржата/провизијата за 1 (еден) литар моторни бензини и дизелско гориво која што Носителот на набавката ја задржува за себе, изнесува

- 3,20 денари без вклучен ДДВ за ДЕЛ 12 од предметот на постапката за јавна набавка: Центар за вработување Кичево
- 3,20 денари без вклучен ДДВ за ДЕЛ 18 од предметот на постапката за јавна набавка: Центар за вработување Македонски Брод
- 3,20 денари без вклучен ДДВ за ДЕЛ 21 од предметот на постапката за јавна набавка: Центар за вработување Прилеп и
- 1,16 денари без вклучен ДДВ за ДЕЛ 30 од предметот на постапката за јавна набавка: Центар за вработување Скопје и Централна служба - Скопје (согласно Извештајот за текот на е-аукцијата).

Во цената се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.

Член 4

Носителот на набавката го врши фактурирањето по корегирани малопродажни цени на течните нафтени деривати, предмет на набавка, кои важат на денот на испораката, односно точење на горивото.

Фактурната цена без ДДВ, се намалува за разликата помеѓу надоместокот за највисока малопродажна маржа [согласно одлука на Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија] и понудената цена, и се зголемува за ДДВ.

Доколку за време на реализација на Договорот дојде до било каква промена во однос на највисоката малопродажна цена, фактурирањето ќе се врши по новите цени.

**V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА**

Член 5

Маржата/провизијата за 1 (еден) литар моторни бензини и дизелско гориво, искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

Член 6

Како релевантен доказ за промената на највисоката малопродажна цена на течните нафтени деривати, предмет на набавка, ќе се користи Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија.

**VI. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА**

Член 7

Горивото ќе се превзема во објектите за трговија на мало со нафтени деривати (бензиски станици), сукцесивно во период од 12 месеци од денот на склучување на договорот за јавна набавка, согласно инструкциите на Договорниот орган кој на Носителот на набавката ќе му достави список на возила, возачи и лимит по возило во денари на месечно ниво.

**VII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 8

Договорниот орган ќе врши исплата на фактурите на Носителот на набавката во рок од 30 дена, од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул."Васил Ѓоргов" бр.43 - Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

Фактурирањето ќе се врши на секои 15 дена, а фактурата треба да биде придружена со детална спецификацијата која вклучува податоци за датумот на точење на горивото, видот и количината на горивото, податоци за возилото (регистарска ознака и километража) и за лицето кое го точело горивото.

Член 9

Условите и начинот на користење на системот на безготовински картички, како и правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од истите, се регулирани со согласност, потпишана од двете договорни страни, која е составен дел на овој Договор (Прилог 2).

**VIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

Член 10

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## IX. ВИША СИЛА

Член 11

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## X. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 12

Овој договор стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и важи за период од 12 месеци.

Член 13

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од овој Договор само спогодбено, доколку се исполнети условите од член 119 од Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување Анекс на Договорот.

Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 14

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Суд Скопје II - Скопје.

Член 15

За следење на реализацијата на овој договор, Договорниот орган го определува лицето Мери Трајковска, вработена кај Договорниот орган, кој има задача по целосна реализација на договорот, да достави известување за реализиран договор до одделението за јавни набавки.

Член 16

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Едвин Муковиќ
Претседател на Комисија за јавна набавка
Марија Петровска
Соработник за јавни набавки
Весна Пешова
Раководител на Сектор за правни и административни работи

Директор
Билјана Јовановска

Носител на набавката
**Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Пласница**

Управител
Божанка Грозданова